
ОПШТИНА
РАНКОВЦЕ
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
РАНКОВЦЕ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сѐ што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нѐ враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек". Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.
За Твоето место.
За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски



Ранковце заслужува нова енергија, визија и развој!

Јас, Даниел Павловски, млад човек кој живее и работи во оваа Општина, одлучив да застанам пред вас со искрена цел - да создадеме подобра иднина за сите.
Мојата визија за подем и развој на Општина Ранковце се состои од следниве цели и приоритети:

1. Модерна и функционална општина со нови инфраструктурни проекти, уредени улици, патишта и водоводна и канализациона мрежа;
2. Подршка на младите, преку создавање на услови за квалитетно образование, подем на повеќе спортски дисциплини, вложување во културата и вработувања во нашата Општина, за да ги задржиме да останат да живеат и работат во својот роден крај, односно дома;
3. Развој на локалната економија:
- Поддршка на земјоделството;
- Малите бизниси;
- Привлекување на нови инвестиции;
- Локален рурален развој преку поддршка на ловците и нашето ловно друштво;

4. Здрава животна средина чиста и „зелена општина“ со модерно управување со отпадот и грижа за природните ресурси.

Општина за сите без поделби, со транспаретна и чесна работа во интерес на сите жители.
Верувам дека Ранковце може многу повеќе, со младост со енергија со чесност ќе работам за општина во која сите ќе бидеме горди да живееме.
Време е за промени, време е за вистински развој на нашата Општина.

Со почит,
Даниел Павловски

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Ненад Петковски – Носител на листа
2. Давид Митковски
3. Анастасија Илиевска
4. Јован Бошковски
5. Анета Цветковска
6. Николчо Стевановски
7. Мануела Спасовска
8. Роберт Додевски
9. Анета Ѓорѓиевска



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

### 1. Изградба на канализациона мрежа во село Опила

Овој проект предвидува изградба на канализациона мрежа за околу 100 домаќинства со што ќе се обезбеди чиста и безбедна околина и ќе се подобри квалитетот на живот на граѓаните.

**Извор на финансирање:** Општина Ранковце, централна власт.

### 2. Изградба на пат од село Петралица до Баратлија во должина од 6 км

Жителите во овој крај се соочуваат со долгогодишен проблем со непроодни и тешко проодни патишта. Со изградбата на овој пат се решава тој проблем, а истовремено ќе заживее можноста за селски и планински туризам поради самата географска положба на местото.

**Извор на финансирање:** Општина Ранковце, централна власт.

### 3. Изградба на градинка во село Ранковце

Ќе се обезбеди целодневна програма за најмалите во нашата Општина и истовремено ќе се зголеми капацитетот за прием и негување.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Ранковце, централна власт.



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

### 1. Донесување урбанистички план за с. Ранковце, с. Гиновце, с. Петралица и с. Псача

Со донесувањето на урбанистички план за овие населени места ќе се овозможи планско градење и развивање, со запазување на модерните стандарди за квалитетно живеење.

Извори на финансирање: Источен плански регион.

### 2. Изградба на атрактивен видиковец и патека кон крстот Камлеш

Овој проект ќе придонесе за привлекување на повеќе посетители, односно видиковецот и уредената патека ќе ја зголемат посетеноста на овој крај и ќе се создаде дестинација која може да стане препознатлива точка за излети и културен туризам.

Извори на финансирање: Буџет на општина, централана власт, меѓународни донатори.

### 3. Изградба на нова зграда и гаражи за ЈКП Чист ден - Ранковце

ЈКП е во незавидна положба по основ на објекти и деловен простор, и со овој проект значително ќе ја подобриме неговата функционалност.

Извори на финансирање: Буџет на Општина, централна власт, меѓународни донатори.

### 4. Уредување на зелени површини и излетнички места

Со уредување на зелените површини како хортикултурно така и со урбана опрема, обезбедуваме места за релаксација и промоција на селскиот туризам и привлекување на посетители. Можни локации викенд населба Пклиште, село Герман и Брана во с. Отошница.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 5. Продажба на градежни плацеви за семејни куќи по поволни цени

Со овој проект ќе им биде овозможено на младите брачни парови да добијат шанса за полесно стекнување со свој дом и да се задржат што поголем број од младите во нашата Општина.

Извори на финансирање: Буџет на Општина

### 6. Урбанизирање на индустриска зона со намена Г2

Урбанизирањето на индустриска зона со намена Г2 ќе овозможи привлекување на инвестиции и отварање на нови работни места за локалното население. Овој проект ќе придонесе за економски раст, зголемување на буџетските приходи и спречување на миграција од регионот.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 7. Асфалтирање на патот до црквата во с. Гиновце во должина од 500 метри

Постоечкиот пат не е соодветен и адекватен за употреба, посебно во зимски услови. Со асфалтирање на овој пат ќе се овозможи полесен и побезбеден пристап за жителите и посетителите, особено за време на верски настани, со што ќе се допринесе за зачувување на културното и духовното наследство.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 8. Асфалтирање на пат во с. Љубинци од Автобуска станица до Ќурлачки пат во должина од 400 метри

Со овој проект ќе се изврши поврзување на дел од селото со веќе постоечкиот асфалтиран пат и ќе се олесни движењето на тамошните жители.

Извори на финансирање: Буџет на Општина, централна власт.

### 9. Ревидирање и пуштање во употреба на канализациона мрежа во с. Љубинце

Во селото има околу 50 домаќинства, канализационата мрежа којашто до сега е изградена потребно е да се ревидира и да се догради за да може да се пушти во употреба, што ќе придонесе за поздрава животна средина преку намалување на загадувањето на подземните води.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 10. Асфалтирање на пат во с. Одрено во „Брбовска маала“

Овој проект ќе овозможи полесно и побезбедно движење за граѓаните, особено во зимските услови.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 11. Асфалтирање на пат во с. Псача кај Манастирска Маала

Овој проект ќе овозможи полесно и побезбедно движење за жителите од ова населено место кое во моментот не располага со адекватен пат за лесни возила.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 12. Асфалтирање на пат во с. Петралица во Караманова Маала во должина од 200 метри

Овој пат се наоѓа во централното подрачје на селото и е единствен неасфалтиран пат. Со асфалтирањето на овој пат ќе се овозможи директно полесно и побезбедно движење за граѓаните.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 13. Бетонирање на корито во с. Петралица кај Потрчин Дол

Жителите во овој дел од селото имаат проблеми со постојано излевање на вода и при најмали врнежи локалниот пат се поплавува со што се отежнува движењето на овој дел од селото, затоа е потребно изградба на заштитно корито со кое што проблемот ќе биде надминат.

Извори на финансирање: Буџет на Општина и други.

### 14. Уредување на Корито во с. Псача на река Псачница 400 метри

Ќе се обезбеди подобрување на селската инфраструкутура и изгледот на селото и ќе се спречат излевања на реката при пообилни врнежи.

Извори на финансирање: Буџет на Општина и други.

### 15. Асфалтирање на пат во с. Радибуш од школо до Митковска Маала

Со асфалтирање на овој пат ќе се овозможи полесно и побезбедно движење за граѓаните.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 16. Тампонирање на пат во Којкарска Маала

Проектот ќе овозможи полесно функционирање на граѓаните во селото со што значително ќе им се олесни движењето, а воедно и достапноста на самата Маала.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 17. Поврзување со асфалт кај реката место Собориште во должина од 100 метри во с. Радибуш

Ќе се овозможи полесно и побезбедно движење за граѓаните на с. Радибуш.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 18. Мост на Блидешка река за Шиљкова Маала во с. Ветуница

Проектот е неопходен бидејќи со секое надоаѓање на Блидешка Река, дел од селото останува отсечен од остатокот од селото и од Општината. Со изградбата на овој мост ќе се надмине ваквиот проблем.

Извори на финансирање: Буџет на Општина и централна власт.

### 19. Асфалтирање на пат од бела нива до Пуцкина Маала во с. Ветуница

Во моментот патот е тесен и слабо прооден со реализација на овој проект ќе се придонесе за подобрување на условите за живот и мобилноста на тамошните жители.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 20. Асфалтирање на пат од Млин до Мост на експресен пат во с. Ранковце во должина од 600 метри

Ќе се продолжи со активностите за завршување на патот со кој ќе се обезбеди достапност на остатокот од тоа подрачје и нормално и непречено движење на тамошните жители.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 21. Реконструкција на постоечкиот кеј во с. Ранковце

Со овој проект ќе се подобри изгледот на централното општинско подрачје и кејот на Ранковачка Река кој поминува низ центарот на Општината.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 22. Асфалтирање на пат старо школо - Дамјанска Маала во с. Псача

Со реализација на овој проект директен бенефит ќе имаат тамошните жители и ќе се создаде можност за изградба на викендици со оглед на тоа дека станува збор за планинско подрачје, во самото подножје на планината, што директно ќе влијае и на развој на самата Општина.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 23. Ревизија на изградениот водовод во с. Псача и доизградба на два крака за истиот

Ќе се изврши ревизија на изградениот водоводен систем и доградба на два крака за останатите жители на селото.

Извори на финансирање: Буџет на Општина и други.

### 24. Изработка на техничка документација за канализациона мрежа во с. Псача и с. Одрено

Ќе изработиме целосна техничка документација за канализациона мрежа во овие две села, како предуслов за изградба на канализациона мрежа која ќе опслужува приближно 200 домаќинства во селата

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 25. Асфалтирање на пат Радибуш - Средна Маала

Со реализација на овој проект ќе се овозможи подобро функционирање и патно поврзување на приближно 200 домаќинства во неколку села.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 26. Асфалтирање на пат клучка Ветуница до село Отошница

Со реализација на овој проект ќе се овозможи подобро функционирање и патно поврзување на приближно 50 домаќинства во селата Ветуница и Отошница и Гулинце.

Извори на финансирање: Буџет на Општина и други.

### 27. Асфалтирање на пат од Зердин Дуп до Маала Штрци во с. Ранковце

Ќе се продолжи со реализација на активностите за завршување на овој проект со што ќе се олесни движењето на тамошните жители.

Извори на финансирање: Буџет на Општина и други.

### 28. Проширување на водоводна мрежа од стадион Ранковце до Ранковска река

Проектот е неопходен за нормално функционирање на населените места во овој дел од Општината кои во моментов се соочуваат со недостаток на вода за пиење и употреба во домаќинствата, што е посебно изразено во летните периоди.

Извори на финансирање: Буџет на Општина и други.

### 29. Изградба на дел од локален пат с. Псача - с. Петралица (Дикина Маала -Радуев Рид)

Со реализација на овој проект, ќе се овозможи подобра поврзаност помеѓу овие села, како и полесно и побезбедно движење за граѓаните.

Извори на финансирање: централна власт.

### 30. Реконструкција на дел локален пат во село Ранковце- Кокинска Маала

Со реализација на овој проект, ќе се овозможи подобра поврзаност помеѓу овие села, како и полесно и побезбедно движење за граѓаните.

Извори на финансирање: централна власт.

### 31. Реконструкција на локален пат во с. Гиновце (А2- Железничка пруга)

Со реализација на овој проект, ќе се овозможи подобра поврзаност, како и полесно и побезбедно движење за граѓаните.

Извори на финансирање: централна власт.

### 32. Реконструкција на дел од локален пат во село Опила

Со реализација на овој проект, ќе се овозможи подобра поврзаност, како и полесно и побезбедно движење за граѓаните.

Извори на финансирање: централна власт.

### 33. Изградба на дел од локален пат село Ранковце - Зердин Дуб

Ќе се продолжи со реализација на активностите на веќе започнат проект, со што ќе биде комплетиран патот за непречено движење на жителите од овој дел.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 34. Реконструкција на локален пат село Псача - село Одрено

Овој пат е неопходен за населението од двете села, како и од околните села кои го користат секојдневно за стигнување до земјоделските земјишта. Со реализација на овој проект ќе се олесни и подобри движењето на населението од овој дел од Општината.

Извори на финансирање: Буџет на Општина, централна власт.

### 35. Рехабилитација на регионален пат Р-1205, Страцин - Кратово

Во соработка со Јавното претпријатие Државни патишта ќе се изврши рехабилитација на регионален пат Р-1205, Страцин – Кратово, што е од огромно значење за подобра поврзаност помеѓу овие Општини и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните од овој регион.

Извори на финансирање: ЈПДП.

### 36. Улично осветлување во село Псача

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 37. Улично осветлување во село Љубинци

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 38. Улично осветлување во село Гиновце

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 39. Улично осветлување од место Десетак до Крајчина Маала во с. Ранковце

Извори на финансирање: Буџет на Општина.



# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

- **1. Формирање на Младински локален совет**

Формирањето на Младински локален совет, овозможува младите да бидат активно вклучени во донесување одлуки и развој на заедницата. Советот ќе организира активности, проекти и иницијативи кои ги одразуваат потребите и интересите на младите. Ова ќе ја поттикне нивната граѓанска одговорност, лидерски вештини и останување во локалната средина.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

- **2. Преземање на активности за привлекување на странски и домашни инвеститори кои би инвестирале во одредена дејност што би значело креирање на нови работни места**

Привлекувањето на странски и домашни инвеститори ќе ја зајакне локалната економија и ќе отвори нови работни места. Со промоција на потенцијалите на Општината и поволности за инвеститорите, се зголемува атрактивноста на регионот. Овие инвестиции ќе придонесат за долгорочен развој, подобра инфраструктура и повисок стандард на живеење.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

- **3. Ослободување од комуналии за почеток на нови бизниси во О. Ранковце**

Ослободувањето од комуналии за почеток на нови бизниси ќе ја поттикне претприемничката иницијатива и ќе ја намали почетната финансиска бариера за инвеститорите. На овој начин ќе се стимулира отворање на нови компании и креирање работни места. Овој проект ќе придонесе за побрз економски развој и заживување на локалната економија.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

### 1. Доградба на училници и санитарни јазли

Со цел овозможување на услова за едносменска настава во ООУ „Христијан Тодоровски -Карпош“, во соработка со Министерството за образование и наука ќе се доградат училници и санитарни јазли со цел овозможување услови за едносменска настава.

Извори на финансирање: Министерство за образование и наука.

### 2. Паричен надоместок за сите првачиња

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 3. Доделување на парична награда за ученици со освоени први места на државни и меѓународни натпревари

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 4. Бесплатна градинка за сите запишани деца

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

- **1. Овозможување на бесплатен интернет пристап на јавни површини на територија на О.Ранковце**

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

- **2. Целосна дигитализација на услугите во ингеренциите на Општината**

Извори на финансирање: Буџет на Општина, централна власт.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

- **1. Изградба на детско игралиште во с. Ранковце, с. Петралица, с. Опила, с. Гиновце и с. Псача.**

Извори на финансирање: Буџет на Општина, централна власт.

- **2. Реконструкција на фудбалско игралиште во ОУ „Х.Т. -Карпош“.**

Извори на финансирање: Министерство за образование.

- **3. Изградба на мини фитнес-зона на отворено во с. Ранковце.**

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

- **4. Изградба на мини-парк за деца во с. Одрено.**

Извори на финансирање: Буџет на Општина.



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

### 1. Санација на диви депонии

Санацијата на дивите депонии ќе спречи натамошно загадување на почвата, водите и воздухот и ќе го подобри јавното здравје. Овој процес ќе придонесе за поодржливо управување со отпадот и подигање на еколошката свест кај граѓаните.

Извори на финансирање: Буџет на Општина и други.

### 2. Изработка на проект за нови зафати на вода на планина Герман и планина Лисец

Ќе се изработи проект за нови зафати на вода со цел искористување на природните ресурси за обезбедување на населението со планинска пивка вода за пиење.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 3. Пошумување и организирање на акции за засадување на зимзелени и листопадни дрвја

Со овие активности ќе се подобри квалитетот на воздухот и ќе се создаде попријатна и поздрава животна средина за жителите. Воедно, овој проект ќе придонесе за зголемување на еколошката свест и ќе го поттикне заедничкото учество на граѓаните во зачувување на природата

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 4. Редовно организирање на еколошки акции

Организирањето еколошки акции ќе придонесе за почиста и поуредена средина и ќе го подобри квалитетот на живот на жителите. Ваквите настани ја подигнуваат еколошката свест и ја поттикнуваат одговорноста кај младите и возрасните. Акциите исто така ја зајакнуваат заедничката соработка и солидарност во локалната заедница.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

# ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

### 1. Промоција на излетнички места и црковен туризам

Општината ќе преземе активности за промоција на бројните излетнички места и цркви. Промоцијата на излетничките места и црковниот туризам ќе ја зголеми посетеноста на регионот и ќе ја поттикне локалната економија.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 2. Промоција на ловен и риболовен туризам

Промоцијата на ловниот и риболовниот туризам ќе привлече посетители и ќе ја зголеми економската активност во регионот. Ова придонесува за одржлив развој и дополнителни приходи за локалното население и бизнисите.

Извори на финансирање: Буџет на Општина и други.



# ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

### 1. Организирање на новогодишни активности

По повод новогодишните и божиќните празници ќе организираме доделување на пакетчиња за најмалите со Дедо Мраз, Бадникови поворки и Културно- забавна празнична програма.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 2. Поддршка на фудбалските турнири на територија на Општината

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 3. Бадникови парички за сите населени места

Извори на финансирање: Буџет на Општина.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

### 1. Изградба на старечки дом во с. Ранковце

Општината ќе направи напор преку ЈПП да се изгради старечки дом чиишто услуги ќе бидат достапни за локалното население, како и за населението од регионот.

Извори на финансирање: Буџет на Општина/ ЈПП.

### 2. Субвенции за лица во ранливи категории

Општината ќе обезбеди финансиска поддршка за ранливите категории, односно лица со ниски примања, самохрани родители, деца без родители.

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

### 3. Делење на училишен прибор за социјално-загрозените и децата на самохрани родители

Извори на финансирање: Буџет на Општина.

ВМРО-ДПМНЕ